АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 901-14-1-52
07-04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на членовите 202 и 222 а во врска со член 145 став (2) и член 146 став (2) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 43/2014, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019 и 31/2020) и член 2 од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/2017 и 37/2019), одлучувајќи по барањето на Менаџмент Фајненшл Груп АД од Бугарија, за добивање дозвола за вршење осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво М БРОКЕР АД Скопје, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 7.4.2022 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за издавање дозвола за вршење осигурително брокерски работи

1. **СЕ ИЗДАВА ДОЗВОЛА** за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво М БРОКЕР АД Скопје, со седиште ул. Пајак бр. 9, Скопје, при што како основач со 100% учество во акционерскиот капитал на друштвото се јавува MANAGEMENT FINANCIAL GROUP JSCo (Менаџмент Фајненшл Груп АД), со седиште на бул. Џавахарлал Неру бр. 28, АТЦ, Силвер Центар, 2 кат бр. 40 – 46, Софија, Република Бугарија;

2. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение ќе врши исклучиво осигурително брокерски работи.

3. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение е должно да склучи договор за осигурување од професионална одговорност со кој ќе ги осигура своите обврски кон сопствениците на полиси во случај на прекршување на одредбите од договорот за посредување до еден осигурен износ, кој во однос на поединечен случај не смее да биде помал од 250.000 ЕВРА (двесте и педесет илјади евра) и/или во врска со сите осигурени случаи во една година не смее да биде помал од 500.000 ЕВРА (петстотини илјади евра), веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучување на договорот за осигурување.

4. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 од ова решение, за вршење на осигурително брокерски работи е должно да вработи најмалку двајца осигурителни брокери, веднаш по уписот во Централниот Регистар на Република Северна Македонија, за што е должно да ја извести Агенцијата за супервизија на

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија бб, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

осигурување во рок од 5 (пет) работни дена од денот на пријавување на работниците во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

5. Уписот во Централниот Регистар на Република Северна Македонија на осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 50.000 ЕВРА (педесет илјади евра) во денарска противвредност на име на основачки капитал на друштвото на сметка кај носител на платен промет во Република Северна Македонија.

6. Осигурителното брокерско друштво од точка 1 на ова решение е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави потпишана и заверена копија од Статутот и останатите акти на осигурителното брокерско друштво како и документацијата врз основа на која може да се констатира дека осигурителното брокерско друштво е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со Статутот на друштвото во рок од 5 (пет) дена од денот на усвојување на истите.

7. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија" и истото ќе се запише во регистарот на осигурително брокерски друштва што го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

8. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

MANAGEMENT FINANCIAL GROUP JSCo (Менаџмент Фајненшл Груп АД), со седиште на бул. Џавахарлал Неру бр. 28, АТЦ, Силвер Центар, 2 кат бр. 40 – 46, Софија, Република Бугарија во својство на основач на Осигурително брокерското друштво М БРОКЕР АД Скопје со седиште на ул. Пајак бр. 9, Скопје до Агенцијата за супервизија на осигурување преку полномошник Симона Илиевска од Скопје, достави барање бр. УП 14-1-52 од 9.2.2022 година за добивање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи на Осигурително брокерското друштво М БРОКЕР АД Скопје, согласно член 146 став (1) од Законот за супервизија на осигурување и член 2 став (1) од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи.

Кон барањето, основачот на Осигурително брокерското друштво М БРОКЕР АД Скопје, Менаџмент Фајненшл Груп АД, Бугарија ја достави документацијата предвидена во член 146 ставови (2) и (3) од Законот за супервизија на осигурување и член 2 ставови (3), (4) и (5) од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи.

Постапувајќи согласно членовите 202 и 222 а во врска со член 145 став (2) и член 146 ставови (2) и (3) од Законот за супервизија на осигурување и член 2 ставови (3), (4) и (5) од Правилникот за потребната документација за добивање на дозвола за вршење на осигурително брокерски работи, Агенцијата за супервизија на осигурување го разгледа барањето и поднесените документи при што утврди дека се исполнети условите за издавање на дозвола за вршење на осигурително брокерски

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

работи на Осигурително брокерското друштво М БРОКЕР АД Скопје, согласно Законот за супервизија на осигурување, заради што одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управен суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Решено во Скопје на 7.4.2022 година под бр.УП 14-1-52.

**Претседател на Совет на експерти,**
**Крсте Шајноски**